**LIZINOPRIL/ ЛИЗИНОПРИЛ**
**(lisinopril)**

таблети од 5 mg
таблети од 10 mg
таблети од 20 mg

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите*

*Активна супстанца* во таблетите ЛИЗИНОПРИЛ е лизиноприл дихидрат.
Една таблета содржи 5 mg лизиноприл во форма на дихидрат.
Една таблета содржи 10 mg лизиноприл во форма на дихидрат.
Една таблета содржи 20 mg лизиноприл во форма на дихидрат..
Помошни супстанци: манитол, дибазичен калциум фосфат дихидрат, пченкарен скроб, повидон, прежелатинизиран скроб, кроскармелоза натриум, магнезиум стеарат, железо (III) оксид - жолт (таблети од 10 mg и 20 mg), железо (III) оксид - црвен (таблети од 20 mg).

*Пакувања:*
Кутија со 20 таблети од 5 mg (2 блистери)
Кутија со 20 таблети од 10 mg (2 блистери)
Кутија со 20 таблети од 20 mg (2 блистери)

**Име и адреса на производителот и носител на одобрение за ставање во промет:**

АД ЈАКА 80 Радовиш
Република Македонија

**1. Што претставува лекот ЛИЗИНОПРИЛ и за што се употребува**
ЛИЗИНОПРИЛ спаѓа во групата лекови кои го инхибираат ангионтензин - конвертирачкиот ензим (АКЕ). Тој се употребува за третман на висок крвен притисок (хипертензија), како додаток на терапијата при конгестивно срцево затајување и за подобрување на преживувањето по срцев удар (инфаркт).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

## 2. Што треба да знаете пред да го земете лекот ЛИЗИНОПРИЛ

**Немојте да го земате лекот ЛИЗИНОПРИЛ:**

- ако сте алергични на лизиноприл, на други АКЕ инхибитори или на некоја од помошните супстанци наведени во ова упатство,
- ако сте имале отоци (ангиоедема) на лицето, екстремитетите, усните, јазикот или грлото при земање на инхибитори на АКЕ (лизиноприл, еналаприл, каптоприл, фосиноприл и др).

**Бидете посебно внимателни со лекот ЛИЗИНОПРИЛ:**

- ако сте бремени или доите,
- ако имате историја (лична и фамилијарна) на отоци на лицето, усните, грлото, јазикот, екстремитетите од непознато потекло (ангиоедема неповрзана со АКЕ инхибитори),
- ако истовремено земате диуретици,
- ако имате оштетена бубрежна функција,
- ако имате заболување на периферните крвни садови или генерализирана атеросклероза,
- ако имате стеноза на бубрежните артерии,
- ако имате аортна стеноза или некои други заболувања при кои има пречки на исфрлањето на крв од срцето,
- ако земате други лекови (погледнете во поглавието **Земање на други лекови**)

Ве молиме да се посоветувате со доктор и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас било кога во минатото.

**Земање на лекот со храна или со пијалок**

Консултирајте се со Вашиот доктор за начинот на земање на лекот. ЛИЗИНОПРИЛ може да се зема со или без храна. Избегнувајте консумирање на алкохол бидејќи може додатно да го намали крвниот притисок.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**

Не постојат податоци дека при терапија со ЛИЗИНОПРИЛ способноста за возење или ракување со машини е нарушена. Возможна е поспаност и намалена концентрација поради нискиот крвен притисок.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Земање на други лекови (на што треба да се внимава ако употребувате други лекови)**

*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние препарати кои што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*
Особено е важно ако истовремено земате:
- хидрохлоротиазид или други тиазидни диуретици,
- диуретици кои штедат калиум (спиронолактон, триаметерен, амилорид),
- Нестероидни Антиинфламаторни Лекови (ибупрофен, кетопрофен, диклофенак, индометацин)
- литиум

**3. Како да се зема лекот**

*Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со доктор.*

*Покачен притисок (Есенцијална хипертензија)*
Вообичаената почетна доза на лизиноприл е 10 mg (1 таблета од 10 mg или 2 од 5 mg) еднаш на ден. Според проценка на лекарот, дозата се прилагодува индивидуално за секој пациент и обично се доволни 20-40 mg еднаш на ден. Дозата може да се зголемува во неделни интервали до 80 mg на ден. Доколку во период од 1-3 месеци не се добие задоволувачки терапевтски ефект, се препорачува воведување на комбинирана терапија со диуретик, калциумов антагонист или бета-блокатор заедно со лизиноприлот.

*Покачен притисок од бубрежно потекло (Реноваскуларна хипертензија)*
Кај состојби на покачен притисок од бубрежно потекло (реноваскуларна хипертензија) почетната доза на лизиноприл треба да е пониска ( 5 mg или помалку).Вообичаена доза на одржување е 20 mg еднаш на ден.

*Конгестивна срцева слабост*
Почетната доза треба да е пониска и да изнесува половина таблета од 5 mg (2,5 mg) еднаш на ден. Дозата постепено се зголемува до дозата на одржување која изнесува 5-20 mg на ден (1-4 таблети од 5 mg дневно).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

*Срцев удар (Акутен инфаркт на миокард)*
Кај стабилни пациенти, во првите 24 часа од прележаниот инфаркт лизиноприл се дава според следната шема:

- кај пациенти со систолен (горен) притисок над 120 mmHg терапијата се започнува со доза од 5 mg ( 1 таблета од 5 mg) еднаш на ден, во период од 2 дена, а потоа дозата се зголемува на 10 mg (2 таблети од 5 mg или 1 од 10 mg) еднаш на ден во наредните 6 недели.
- кај пациенти со низок систолен (горен) притисок (100-120 mmHg) првите две дози треба да бидат по 2,5 mg (половина таблета од 5 mg) еднаш дневно, а наредните дози по 5 mg (1 таблета од 5 mg) до 6 недели. Ако дојде до појава на низок притисок (хипотензија) после давањето на лизиноприл (систолен крвен притисок под 100 mmHg), дневната доза од 5 mg се намалува на 2,5 mg. Ако хипотензијата (систолен крвен притисок под 90 mmHg) се одржува подолго од 1 час, терапијата со лизиноприл треба да се прекине. Кај пациенти со акутен инфаркт на миокард лизиноприл се дава 6 недели.

*Дијабетична нефропатија (Бубрежна болест поврзана со дијабетес)*
Почетната доза на лизиноприл е 2,5 mg (половина таблета од 5 mg) на ден и се прилагодува со цел да се постигне долен (дијастолен) крвен притисок под 100 mmHg кај нормотензивни инсулин-зависни пациенти или крвен притисок под 90 mmHg кај хипертензивни инсулин-независни пациенти

*Дозирање кај бубрежна инсуфициенција (бубрежно затајување)*
Кај пациенти со бубрежно затајување(клиренс на креатинин од 10-30 ml/минута), почетната доза на лизиноприл е 5 mg/ден (1 таблета од 5 mg). Кај пациенти со потешки форми на затајување (клиренс на креатинин под 10 ml/минута), се дава 2,5 mg/ден (половина таблета од 5 mg).
Дозата на одржување се прилагодува индивидуално.

Прилагодување на дозите е потребно и кај хемодијализа.

*Дозирање кај деца:*
Дозирањето кај деца се прилагодува во зависност од телесната тежина и терапевтскиот ефект, затоа се неопходни инструкции од Вашиот лекар.

*Следете ги инструкциите освен ако Вашиот доктор не ви препорачал поинаку.*

*Не заборавајте да го земете лекот.*

*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба (предозирање):**

*Ако сте земале/употребиле поголема доза од лекот отколку што треба веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го земете лекот ЛИЗИНОПРИЛ:**

- Земете ја пропуштената доза колку што е можно побрзо.
- Ако е речиси дојдено времето за земање на следната доза, почекајте додека да дојде времето за истата и земете ја, а прескокнете ја пропуштената доза.
- Немојте да земате две дози во исто време.

**4. Можни несакани дејства**

*Како и сите лекови, ЛИЗИНОПРИЛ може да има несакани дејства.*

*Ако се случи било што од долунаведеното, веднаш престанете со земањето на лекот и за истото веднаш известете го Вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- Отекување на екстремитети,лице, усни или грло што може да предизвика тешкотии при голтањето или дишењето,
- Исип/ егзантема,
- Уртикарија,пожолтување на кожата и очите, жолтица

Сите овие се многу сериозни несакани дејства. Ако се појават кај Вас, тоа покажува многу сериозна алергиска реакција на лекот. Во таков случај Ви е потребна итна медицинска помош или хоспитализација.
Сите овие многу сериозни несакани дејства се многу ретки.

*Ако забележите некои од следниве симптоми, веднаш известете го вашиот доктор веднаш или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- промени во срцевиот ритам, на пример ако забележите дека срцето забрзано ви чука или ви чука неправилно
- градна болка,
- низок притисок, несвестица,
- помалку излачување на урина од вообичаено,
- симптоми слични на грип (малаксалост, треска, болки во зглобовите)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

Сите овие се сериозни несакани дејства, за кои е потребна итна медицинска помош.
Сериозните несакани дејства се ретки.

*Известете го Вашиот доктор ако забележите:*

- главоболка,
- вртоглавица,
- сува кашлица,
- гадење, повраќање, опстипација (затвор), пролив
- зашеметеност,
- промени во сетилото за вкус,
- замор,
- импотенција,
- алопеција (косопаст),
- заматување на видот.

Сите овие се слаби несакани дејства на ЛИЗИНОПРИЛ.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

**5. Чување на лекот**

**Да се чува на температура до $25^{\circ}$ С, заштитено од светлина.**

**ЛЕКОТ ЧУВАЈТЕ ГО НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата и на блистерот.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека врз основа на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено на*

Скопје, мај, 2007 г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ